# ОД НАС ЗА НАС

Списание направено од сексуални работници за сексуални работници

Септември
2009




## ПРОСТИТУЦИЈА – ВРСТА СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

### СОВЕТИ ЗА ХОРОСКОПСКИТЕ ЗНАЦИ

### Митови за контрацепцијата

### Алхохолот и штетен и полезен...

# ПРОСТИТУЦИЈА – ВРСТА СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

**Во наредниов текст, можете да прочитате како светот ја има дефинирано проституцијата како врста на сексуална експлоатација...**

Проституција-продавање на женски секс кај мажите за пари, храна, материјални добра, или заштита.

Илјадници години station наназад луѓето ги осудуваат жените за проституција. Мажите на власт ги осудуваат жените, ги гонат кривично, а истовремено истите тие ги купуваат на улица, во барови, во бордели. Веќе е навистина време сите жени да погледнат кон проститутките како кон свои сестри и да ѓи прашаат: Каков е вашиот живот? Како достигнавте во оваа позиција? Што значи постоењето на проституцијата, дали сите тие жени имаат право како сите останати жени на овој свет, дали имаат право на еднаквост во друштво?

Жените кои завршуваат како проститутки најчесто се сиромашни жени. Многу од нив се без сопствени домови или се избеглици. Тие се едни од групата на жени врз кои најмногу се врши дискриминација. Општеството мрази жени кои се бават со проституција, а во исто време ги произведува и експлоатира. Тоа се жени кои најчесто немаат било каква друга алтернатива да се исхранат себе и своите деца.





(Обидете се да сфатите која порака сака да ви ја пренесе оваа слика. Жената која што ја гледате има ограничено право на движење. Таа е жртва на трговија со луѓе)

Проституцијата е форма на сексуална експлоатација, каде најчесто женското тело станува роба за продажба и купување. Пред очите на нашето општество, проституцијата го нарушува женскиот телесен интегритет и човечкото достоинство кое е засновано според сите Човекови права. Проституцијата е единствен начин мажите да имаат пристап до женско тело и сексуалност, а е засновано на моќ, пари, и сила. Проституцијата како и физичкото насилство е единствен начин како мажите имаат потполна контрола врз жените на кои претходно им е земена целата самодоверба.

Политичките и економските промени во Источна и Средна Европа, донесоа многу промени, отварајќи ги границите за пораст на капитализмот, исто така и експлоатација на жените. Порнографијата е исто така во пораст. Жените во порнографијата се исто така проститутки, како и жените на улица. Буквалното значење на порнографијата, значи “фотографирање на проститутки”. Мажите ги купуваат нивните тела  и услуги бирајќи ги преку слики, но пред се тие се вистински жени, и ги имаат истите чувствва како и сите други жени.

# Сексуална трговија со жени

Мажите во богатите земји ги купуваат жените по пат на допис. Изминатите години најголем број на жени беа купени по пат на допишување и нарачки во Азија и Латинска Америка. Во денешно време многу од нив доаѓаат од новонастанатите комунистички земји. Нарачатели се мажи од богати земји во Западна Европа и Северна Америка. Жените очајно бегајќи од сиромаштијата, ризикуваат се во однос на мажите, кои ѓи купуваат и тргуваат со нив по пат на весници. Во последните две години компјутерската пошта, и-меил, испраќа каталошка слика на жените од Источна Европа.




# Војна проституција

Секс-туризмот, еден вид сексуална трговија со жени е во растечка форма согласно потребите и задоволствата на мажите кои патуваат. Постојат многу туристички агенции во земјите на богатите каде што рекламираат “Тури за возрасни” нудејќи жени од Филипините и Тајланд. Меѓународните туристички агенции, хотели, и авио компании ѓи спојуваат сиромашните жени со богати мажи. Страхувајќи да не бидат инфицирани од ХИВ, богатите мажи најчесто бараат помлади девојки, затоа што мислат дека е помала веројатноста да се заразат со смртоносниот вирус. Во Србија веќе постои туристичка агенција која организира деловни состаноци со придружба. Ова,сега засега се однесува на патување внатре во земјата.



# Насилство на макроата

Макроата најчесто ги контролираат и искористуваат жените во проституцијата, најчесто одзимајќи им ги сите пари кои ги добиле. Мал број на жени имаат право да ги задржат парите кои ги заработиле. Газдите на бодели, и останатите мажи кои ѓи контролираат најчесто им одземаат се. За сите мажи, проституцијата е форма на економска експлоатација. Тие заработуваат продавајќи човечки тела.

Најчестото искуство кое го доживуваат проститутките, е насилството кое го доживуваат од страна на мажите кои ѓи купуваат и макроата кои ги контролираат.

Во своето десет годишно работење, Советувалиштето за Алтернативна Проституција во Портланд, им помогнало на многу жени да ја напуштат проституцијата.

Ова што следи подолу се заклучоци од нивното Советувалиште кое се темели на основни податоци од искуството на жени кои биле тргувани.

- 84% од жените кажале дека макроата ги приморуваат на проституција

- 78% од жените биле жртви на силување додека работеле како проститутки

- 48% од жените биле силувани од макроата најмалку 16 пати годишно

- 79% од жените биле силувани и малтретирани од мажите кои ги купувале најмалку 33 пати годишно

- 84% од жените биле жртви на насилство

- 63% од жените се претепани од макроата најмалку 55 пати годишно

- 49% се жртви на киднапирање

- 53% се жртви на мачење во случај кога ке се обидат да побегнат

Просечната старост на жените, односно девојките кога почнуваат со проституција е 16 години. Повеќето од овие жени завршуваат како бездомници на градските улици од каде што ги преземаат макроата. Овие жени и девојки користат дрога и алхохол, да ја поттиснат емотивната болка од насилството и експлоатацијата.

Многумина од нив, стануваат зависни од дрога и алхохол. Проституцијата е широко распространета па затоа е и често прифатена. Ние жените треба да кажеме СТОП на експлоатацијата, заради нас и нашите сестри.

Некои од нас се можеби проститутки, некои можеби не, но се додека жените и нивните тела можат да бидат купувани и продавани, жените како група ке бидат деградирани. Постоењето на проституцијата го одржува меѓународниот капитал и леѓимитетот на машкото насилство.

Сето тоа совршено се вклопува во патријахалното општество кои ѓи одржува мажите како пол на влас, додека положбата на жената ширум светот е ограничена, а тоа значи дека жените и понатаму ке бидат експлоатирани на овој начин.

**Ние учиме да се бориме против насилството, силувањето, инцесот, дискриминацијата.**

Жените треба да имаат место за живот, храна и облека, (за нив, и за нивните деца) а не да мораат да го продаваат своето тело.

Жените имаат право на телесен интегритет и човечко достоинство како свое основно човечко женско право.



## ПРИКАЗНА ЗА ПОЉАКИЊА - Жртва на Човечко Трафикирање (Трговија со луѓе)

Вообичаен правец на почнување sex-trafficking во Европа, почнува од бившите Социјалистички земји па се до Западно-Европските земји со висок стандард. Просечната старост на девојките кои станувааат жртви на овој вид трговија е помеѓу 20-23 години. Сите од нив имаат основно, многумина средно образование, а не се исклучени ниту тие со факултетски дипломи. Многу од нив работеле во сопствените земји за мали плати, и биле изложувани на Сексуални злоупотреби од страна на нивните шефови, партиските раководители и слично, па заради тоа одлучиле зашто да не го работат истото некаде, каде што некој ќе им плати десет пати поголема сума.

Карактеристично за нив е тоа што доброволно и спремно ја напуштаат својата земја, и заради тоа овде не е потребно киднапирање или било каков друг вид на сила.

Продажбата на жени и девојки во принудна проституција во Европа, има специфична слика, различна од онаа во Азија или во некои други делови од светот. Доволна е само некоја "лажна" приказна за добро платена работа во Ѓерманија, Данска или Норвешка....Поголем дел од тие жени се надпросечно интелигентни и амбициозни, спремни да работат се само за да го подобрат квалитетот на својот живот.

Посакуваат да остварат пристоен живот несаќајки да се вратат во беда и сиромаштија. Дел од сите нивни амбиции кај многумина е и очигледната спремност на проституција, меѓутоа НЕ и на ропство. Она што мажите ги намамува во оваа специфична трговија е заработката од 1000 до 5000 евра по жена која ќе ја намамат во својата мрежа.

Приказната на една Пољаќиња од Австриskiот трибунал е карактеристична за такво сценарио во Сексуалната трговија со жени во Европа. Таа некогаш работела на Бродоградилиште, била високо кфалификувана. И политички свесна и активна. Била мажена и мајка на две деца. Кога дошле сите построења заедно со доаѓањето на новата власт која била затворена за нерентабилност, останала без работа заедно со уште илјадници жени, истовремено и без маж. Децата ги оставила на одгледување кај своите родители и почнала да работи како келнерка во Југославија. Во 1991 година ситуацијата таму се влошува, се било неизвесно, па и војната почнува тука. Како и истекувал договорот за работа, жената посакувала нова работа. И понудиле слична таква работа каква што работела во



Југославија, но во некој Ѓермански ресторан за месечна заработка од 1500 до 1800 марки. Таа ја прифатила понудата, и заедно со уште една жена и луѓето кои што и ја ветија работата тргнаа на пат. На Германската граница, сопатниците и рекле дека мора да им го даде пасошот, за тие да можат да го решат проблемот со граничните власти-пасошот никогаш повеќе не и го вратија. Кога таа пристигнала во првиот хотел во еден Германски град, била брутално силувана од страна на своите сопатници, и и било кажано дека ќе работи како проститутка.

Другата жена била однесена на друго место, веројатно со иста цел. Притоа ја фотографирале со закана дека фотографиите ке бидат испратени директно до нејзините родители, доколку не би сакала да соработува со нив. Набрзо таа било продадена во градчето Есен на трет човек за 3000 германски марки, кој ја однел во Холандија да работи како проститутка на излог. И било наредено дека мора да заработува по 600 гулдени (холандска валута) дневно. Доколку не го прави тоа или за било која друга непослушност ќе биде брутално претепана, посебно во глава. Понекогаш успевала да сочува по некој денар и да им прати на родителите и децата, криејќи за тоа што работи. И претеле

дека ке биде убиена ако се обиде да побегне, а исто така дека нема шанси да пријави во полиција, затоа што била поткупена како убиец на неидентификувани женски лешеви по амстердамските канали, кој што полицијата не ги откривала. Тогаш дознала дека како жртва во трговијата со секс индустрија, таа има поголеми права отколку бегалците, доколку поднесе кривична пријава против злосторниците.

Таа тоа го направила, и многу набрзо тие биле уапсени. На почетокот полицијата не и верувала, сметајќи дека измислува приказни како да изнајде начин повторно да остане во Холандија, имајки во предвид дека веќе претходно и бил одбиен азил. Во исто време и другата жена која патувала заедно со неа, го пријавила случајот во полиција со што веќе и било поверувано. И било дозволено да остане во Холандија се додека не се заврши судскиот процес. Сепак еден од макроата по некаква "административна" грешка е пуштен од притвор, а другиот никогаш не бил уапсен затоа што побегнал. Случајот е затворен заради недостаток на докази, нејзе сега и следи депортација од Холандија, а од мајка и добила известување дека некакви чудни луѓе ја бараат. Адвокатот на Холандската Фондација за борба против трговијата со жени, се заложил да и обезбеди престој на хуманитарна основа, што е сега во тек. Во меѓувреме нејзе и понатаму остануваат да и недостигаат семејството и децата за кои се плаши дека никогаш повеќе нема да ги види.

**Објаснување:**

**За да не дојде до некое погрешно толкување на текстот кој го прочитавте погоре, само да истакнеме дека ова е напишано според тоа како размислува и како светот ја гледа проституцијата како секс-индустрија. Ние на сите овие нешта гледаме и работиме поинаку. Примерот кој што го прочитавте за жената од Полска, е дефиницијата за сексуалната експлоатација, т.е да не сакаме да бидеме проститутки а да не продадат како такви!!!**

STAR

## Здравје и убавина

# Алхохолот и штетен и полезен...

Иако од претходно е познато дека претераното конзумирање на алхохол, се поврзува со појавата на депресија, научниците од Норвешка утврдија дека и воздржувањето од алхохол може да доведе до истата состојба. Според истражувањата на една Норвешка здравствена институција дури и најтрезните се склони на депресија, отколку оние кои умерено конзумираат алхохол. Во истражувањето учествувале повеќе од 38.000 луѓе кои говореле за своите навики со пиењето.

Депресијата, кај оние кои наведуваат дека воопшто не пијат е далеку почеста, во однос на оние жени кои конзумираат по еден пијалок дневно, и кај мажите кои конзумираат по два пијалоци дневно. Едно од објаснувањата на научниците за ваквите резултати е тоа што трезните луѓе се друштвено маргинализирани (особено во срединитe кои ги почитуваат културните пиења на алхохолни пијалоци) или пак имаат некои карактерни особини кои предизвикуваат депресивна состојба.

**Заклучокот?**

**Многу алхохол сигурно ќе ве доведе до депресија, но и без ич, не оди.**

STAR



# Митови за контрацепцијата



Не е ни чудо што Британија има најголем број на непланирани бремености во Европа, кога повеќето жени живеат со верување дека лебот и кожата од кокошка можат да послужат наместо презерватив.

Анкетата во која учествувале 10.000 жени на возраст помеѓу 18 и 50 години, покажаа колку грешат некои жени-кога станува збор за планирање на семејство. Една од пет жени кои учествувале во истражувањето користат сосема бизарни методи за заштита од несакана бременост.

Некои од нив се убедени дека јадењето лук, користењето на лебот или пак кожата од кокошка ке ги заштитат од непосакувана бременост. Исто така анкетата во ова истражување покажало и колку погрешно се разбираат контрацептивните таблети.

Половина од испитаните жени сметаат дека долгорочното користење на контрацептивни таблети може да предизвика неплодност, додека други веруваат дека таблетата штити и од СИДА.

Докторката Ени Еванс зборува дека не е изненадена од објавените резултати, бидејќи Британија со години е на врвот на листата на непланирани забременување во Европа.

Значи девојки обавезно КОНДОМ!!!

STAR



# СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ИМААТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Во овој дел од рубриката ќе можете да прочитате какви права имаат Сексуалните работници во светот, и таму каде што проституцијата е легализирана сепак не е се сјајно. Сексуалните работници мораат да ги почитуваат и подмируваат сите мерки кои им ѓи налага законот.**




**Во Австрија** сексуалните работници подлежат на задолжителна сексуална здравствена контрола, но не и останатите граѓани, со што се потттикнува слика за сексуалните работници како за `нечисти`, и се прекршува принципот на не-дискриминација.

**Во Финска** на сексуалните работници им е законски забрането да работат заедно заради нивна заштита, а доколку работат така, можат да се соочат со обвинение за 'подведување', со што им се прекршуваат правата за мирно собирање и поврзување и за соодветни услови за работа.

**Во Франција,** дете на сексуален работник, откако ќе стане полнолетно, може да биде казнето затоа што живее од заработувачката на сексуален работник, со што на сексуалните работници им се прекршува правото на почит и заштита на нивниот приватен и семеен живот и слобода од произволно мешање во него.

**Во Грција,** каде сексуалната работа е законска и сексуалните работници се регистрирани, сексуалните работници не смеат да стапуваат во брак. Доколку дојде до тоа, не им е дозволено да продолжат легално да се бават со истата професија и ја губат дозволата. Тие се затоа приморани да бираат помеѓу правото на стапување во брак и основање семејство и правото на работа и заработувачка. Никој не треба да е приморан да избира помеѓу ова.

**Во Италија,** полицијата неказнето ги конфискува и фрла или пали предметите во сопственост на сексуалните работници, и на тој начин им го прекршува правото на сопственост и обврската на државата за ефективна заштита по однос на нивното право на сопственост, како и на еднаква заштита пред законот и против дискриминација.

**Во Холандија,** каде сексуалната работа се прифаќа како легална професија,

сексуалните работници – мигранти се единствената категорија на вработени која е исклучена од добивање правни дозволи. На тој начин се прекршува нивното право на не-дискриминација, затоа што за сите други типови на професии мигрантите можат да добијат легална работна дозвола доколку условите дадени со Законот за работници – мигранти се исполнети.

**Во Португалија** (и во многу други земји) сексуалните работници губат старателство врз своите деца преку социјалните центри или семејните судови единствено поради својата професија, а не врз основа на некој конкретен доказ за нанесена штета или неспособност на родителот, со што се прекршува нивното право за слобода од произволно (неосновано) мешање во нивниот семеен живот и не-дискриминација.

**Во Романија,** каде сексуалната работа е незаконска, владата им забрани на своите граѓани да се бават со сексуална работа. Како резултат на притисокот од Романската влада, Австриската влада ги укина дозволите на романските сексуални работници и жени кои легално работеле во Австрија, па така тие сега можат да се соочат со казнување по своето враќање, со што им се прекршува правото на барање платена работа во нематичната земја.

**Во Русија,** полицијата им се заканува на сексуалните работници дека можат да бидат продадени како робови или ги присилува на бесплатен секс, на тој начин прекршувајќи ја обврската на државата за создавање ефективни лекови за заштита на правото на сексуалните работници за безбедност на личноста и еднаквата заштита пред законот.

**Во Словачка,** здравствените работници неказнето им одбиваат медицинска грижа на сексуалните работници и им даваат дискриминаторски забелешки на бремените сексуални работнички предизвикувајќи ја нивната соодветност за имање деца, со тоа прекршувајќи го нивното право на заштита од државата на животен стандард на физичко и ментално здравје и оформување семејство.

**Во Шпанија,** од сексуалните работници во борделите се бара да се подвргнуваат на и плаќаат преголеми надоместоци за сексуални здравствени проверки од страна на сопствениците. Резултатите од нивните тестови не се третираат доверливо; државата не успева да им даде ефективна заштита на нивното право на приватност, здравје и од прекршување на медицинските кодови на работа.

**Во Шведска,** политичарите и изготвувачите на политиките се заканија дека ќе се повлечат од јавните дебати доколку сексуалните работници исто така учествуваат во дискусијата, па така сексуалните работници систематски се исклучуваат од јавните расправи, со што се прекршува нивното право на слобода на изразување и мислење.

**Во Велика Британија**, каде уличните сексуални работници се криминализираат, се користат т.н. Наредби против асоцијално однесување за да им се ограничи слободата на движење, а во некои градови дури и се печатат и дистрибуираат по заедницата имиња со слики на сексуалните работници, со што се прекршува нивното право на приватност и можност за учество во јавниот живот, а сексуалните работници се изложуваат на дискриминација и насилство.



# СОВЕТИ ЗА ХОРОСКОПСКИТЕ ЗНАЦИ

## ОВЕН

**Совет:** Дадено ви е да го предводите човештвото во нови, храбри битки за откривање на нови полиња на дејствување на човечкиот ум. Се што треба да направите да покажете и милост кон послабите и разбирање за нивните проблеми. Дури тогаш ќе станете идеални и комплетни!

## БИК

**Совет:** Со вашето чувство за финансии и економија, уметност и талент, можете да се искачите на највисоките скалила на општествениот успех. Внимавајте на вашата љубомора! Таа може да ве турне во ненаситност, материјализам и нетолеранција!




## БЛИЗНАЦИ

**Совет:** Нема подобар знак од вашиот кога станува збор за прибирање и манипулирање со информациите. Но треба да разберете дека луѓетосе емотивни суштества и не сакаат едноставно да бидат класифицирани во вашата свест и подоцна едноставно избришани. Повеќе ќе ве ценат ако се обидете внимателно да ги ислушате и дадете совет од вашата лепеза на решенија. Тогаш може да се наречете комплетни и ценети.

## РАК

**Совет:** Обидете се да не бидете толку ранливи во однос на зборовите на другите луѓе. Не секогаш луѓето се против вас. Мора да се опуштите и да имате доверба во човечкиот род. Ваша мисија е да ги научите луѓето да го почувствуваат животот преку смеење и плачење, да им вдахнете емоции и да ги научите на почитување на минатото. Таму лежи клучот на целата наша иднина.

## ЛАВ

**Совет:** Целиот свет гледа во вас. Но, покрај предводничката улога која ви припаѓа, покажете и дека се грижите за чувствата на тие околу вас. На тој начин, засекогаш ќе бидете задоволни со себе и ќе добиете искрена љубов и почит.

## ДЕВИЦА

**Совет:** Не критикувајте ги луѓето за нивните лоши особини. Не критикувајте се ни себе си. Со тоа само ги онерасположувате другите. Потрудете се на фин начин да им објасните некои работи, видливи само за вас, кои можат

да им го подобрат животот на луѓето.

## ВАГА

**Совет:** Светот не е само модна писта. Во него има и мали и големи луѓе, сиромашни и богати. Употребувајте го вашето чувство за универзална љубов колку што можете почесто.

## ШКОРПИЈА

**Совет:** Лесно ги препознавате карактерите на личностите околу вас. Но, како другите ќе ве запознаат вас, ако постојано го криете вашето вистинско лице. Потребна ви е малку повеќе верба во искреноста на човечкиот род!

## СТРЕЛЕЦ

**Совет:** Раширете го вашето знаење, обилно користејќи го вашиот хумор и насмевка. Развеселете ги луѓето, поучете ги дека треба да ги почитуваат моралните норми и дека животот треба да се живее со сите негови мани и доблести!

## ЈАРЕЦ

**Совет:** Многу сериозно го разбирате животот! Опуштете се, погледнете на посветлата страна на животот. Вие служите како идоли на општеството, но обрнете внимание и на вашите најблиски и љубени. Подарете им многу љубов и грижа, и оптимистички гледајте на работите во иднината!

## ВОДОЛИЈА

**Совет:** Имате силна визија за тоа како треба да изгледа иднината на човештвото во глобала. Но, човештвото се гради и преку односот на еден човек со друг. Затоа, бидете малку потолерантни спрема луѓето кои не го делат вашиот фанатизам и покажете милост и љубов спрема единката.

## РИБИ

**Совет:** Трудете се да не сонувате многу преку ден зошто животот е тоа што се случува околу вас додека сонувате за него. Потребна ви е само малку храброст и амбиција и да станете идеални. Не плашете се, никогаш нема да ја изгубите својата индивидуалност ако го сторите тоа.



**во издание на:**

STAR

**подржано од:**

HOPS

SWAN

Public Health Program
*Sexual Health and Rights Project (SHARP)*